Бр. 02-79/12
30. 01. 2024 год.

Врз основа на член 19, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 30.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
за поништување на Јавниот конкурс за избор на Директор
на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип

**Член 1**

Јавниот конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, објавен на 03.01.2024 година во "Нова Македонија" и "Слободен печат" дневни весници на македонски јазик и во "Коха" дневен весник на албански јазик, се поништува бидејќи не е поднесена ниту една пријава.

Се поништуваат сите превземени дејствија врз основа на Јавниот конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Согласно член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 27.12.2023 година донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип и формира комисија која ке ги прегледа пристигнатите документи по конкурсот.

Јавниот конкурс на 03.01.2024 година се објави во "Нова Македонија" и "Слободен печат" дневни весници на македонски јазик и во "Коха" дневен весник на албански јазик.

Комисијата формирана од Управен одбор со Одлуката бр.02-961/42 од 27.12.2023 година, со записник констатира дека по распишаниот јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип во оставениот рок нема пристигнато ниту една пријава.

Согласно горенаведеново, а во врска со член 19, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип одлучи како во диспозитивот.

Пробиштип
30.01.2024

Претседател на Управен одбор на ЈП
ХС Злетовица Пробиштип
Киро Кировски